МИРКО ВУЈИСИЌ
MIRKO VUJISIK

Министерство за култура на Република Македонија
Ministry of Culture of the Republic of Macedonia

НУ Национална галерија на Македонија
NI National Gallery of Macedonia

Хронологија на дневни записи
Chronology of Daily Records

МИРКО ВУЈИСИЌ / MIRKO VUJISIK

Чифте амам / Chifte Hamam
Октомври / October, 2015

Изложбата што носи наслов „Хронологија на дневни записи“ го сублимира досегашното творештво на авторот презентирајќи избор на дела кои го рефлектираат неговиот интензивен интерес кон различни ликовни медиуми - графиката, цртежот и сликата. Во случајов, може да констатираме дека наведениот поим хронолошки записи се однесува на презентирање дела од неговите почетоци, па сѐ до денес, но интенционално е избегната инскрипцијата на конкретни наслови и години на изработка, оставајќи му на посетителот самиот да ја исчита приказната низ претставениот сублимат на поетиката на различности.

Ако се обидеме да ги означиме компонентите присутни константно во секојдневното посветено и интензивно создавање дела со дивергентна ликовна провениенција, секако дека ќе започнеме од сензибилитетот што авторот го манифестира во секое дело, а се однесува на особен лирски пристап и на чувствување на богатството на содржините и на мотивите еманирани од светот на имагинацијата.

Мирко Вујисиќ е веројатно најпрепознатлив во однос на својот примарен афинитет кон графичките техники, во кои мајсторството на авторот е евидентно со застапеноста на сите графички техники (длабок печат, бакропис, сува игла, акватинта...). Како техника, графиката изискува дисциплинирана подготовка, но неговите графички листови оставаат и чувство на експресивни компактни впечатоци, со сигурна динамична линија и нагласен ритам и контраст, при што изразните модулации отсликуваат сугурна калиграфска виртуозност, која без двоумење ја разигрува цврстината на целината. Просторната организација на целината е организирана во планови од кои се добива длабочина на црно-бело тонираниот свет, чија суптилна и мека основа е нарушена со минуциозниот третман на линеарното дејствување и на предавањето на портретот со неговите психолошки состојби како еден од примарните мотиви во ликовната уметност. Овој специфичен третман на просторната поделба на фантастичните фрагменти од некои внатрешни светови е присутен и во неговите слики, во кои колоритот, за разлика од црно-белата контрастност на графиките, е особено нагласен и контрастен, а атмосферата поделена на планови и расчленета на линиии е динамична и возбудлива.

Цртежите како сублимат на сознанијата воспримени од графиката и од сликарството се особено интересна категорија во творештвото на Мирко Вујисиќ. Авторот со неисцрпна енергија се вложува во дефинирање на композицијата на цртежите што се движат од лесни експресивни експликации, па до комплексни творби со пасионирана посветеност во градбата на слоевите на цртежот и со особен интерес кон деталите.

Овие секвенции/дневни записи се интимни по својата природа и во нивната основа е сместен човекот како средиште и мерило на сите ствари, знак и средиште на уметноста. Портретите на класични фигури и нивниот третман во творештвото на Мирко Вујисиќ, на одреден начин може да се толкуваат како рецидиви од севкупната ликовната наобразба на авторот. Без оглед дали станува збор за графика, цртеж или слики, она што ги поврзува е евоцирање еден суптилен и специфичен имагинариум на загубени светови во манир на Платоновиот „свет на идеи“, во кој преовладуваат претстави на митски и сопствени наративи како лирско бегство од секојдневието.

Маја Чанкуловска-Михајловска

The exhibition entitled “Chronology of daily records” sublimates the previous work of the author, presenting a selection of works that reflect his intense interest in different art media - graphics, drawing and painting. In this case, we can conclude that the said term “chronological records” refers to the presentation of works from his beginnings until today, but the inscription of specific titles and years of preparation is intentionally avoided, leaving the visitor to read upon the story through the presented sublimate of the poetics of diversity.

If we try to mark the components constantly present in the daily dedicated and intense creation of works with divergent art provenance, we will certainly start from the sensibility which the author manifests in each of the works, related to a particular lyrical approach and sense of the wealth of content and motives emanated from the world of imagination.

Mirko Vujisic is probably most recognizable in terms of his primary affinity for graphic techniques, where the author’s mastery is evident by the presence of all the graphic techniques (deep printing, etching, drypoint, aquatint...). As a technique, graphics requires disciplined preparation, but his prints leave a sense of expressive compact impressions with reliable dynamic line and accentuated rhythm and contrast, whereas the expressive modulations reflect a certain calligraphic virtuosity that unhesitatingly plays with the solidity of the whole. The spatial organization of the whole is organized into plans through which a depth of the black - white world is obtained, whose subtle and soft basis is disrupted through the minor treatment of the linear action and the representation of the portrait with his psychological conditions as one of the primary motives in fine arts.

This specific treatment of the spatial separation of the fantastic fragments from some internal worlds is also present in his paintings, in which color, unlike the black and white contrast of the graphics is particularly pronounced and contrasting, and the atmosphere divided into plans and disjointed in lines is dynamic and exciting.

The drawings as sublimation of the knowledge perceived from graphics and the painting are particularly interesting category in the works of Mirko Vujisic. The author is invested in defining the composition of the drawings with inexhaustible energy, ranging from simple expressive explication to complex works with passionate commitment in the construction of layers of the drawing and specific interest in details.

These sequences/daily records are intimate in nature and in their basis there is the human as the center and measure of all things, a sign and center of art. The portraits of classical figures and their treatment in Mirko Vujisic’s works, in a certain way can be interpreted as a recurrence of the overall art education of the author. Regardless of whether we are talking about graphics, drawings or images, what unites them is an evocation of a subtle and specific Imaginarium of lost worlds in the manner of Plato’s “world of ideas” in which representations of mythical and own narratives as a lyrical escape from the everyday life prevail.

Maja Chankulovska-Mihajlovska



M.Vujisic

Mvujisic



MIRKO KUNSIK



Мирко Вујисиќ

Роден е во Прилеп во 1957 година. Училиште за применета уметност, оддел графика завршил во 1977 година. Во 1979 година дипломирал на Вишата педагошка академија во Скопје. Во 1984 година дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, на одделот графика, во класата на проф. Драгутин Аврамовски - Гуте. Во 1998 година завршил постдипломски студии на одделот за графика во Белград во класата на проф. Небојша Радојев. Во 1990 година ја користи стипендијата „Моша Пијаде“, односно користи студиски престој во Sitè des Art во Париз. Од 1985 година до денес работи на Факултетот за ликовни уметности во Скопје.
Контакт: mirkovujisic@yahoo.com

Самостојни изложби:
2015 Скопје, Хронологија на дневни записи, Национална галерија на Македонија, објект Чифте амам
2012 Велес, Изложба на графики, цртежи, акварели, Ликовен салон Велес
2011 Подгорица (Црна Гора), Изложба на цртежи и графики, Галерија „Мост“
Охрид, Изложба на графики, цртежи, слики, „Галерија Робевци“
2010 Штип, Изложба на цртежи, Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Штип
2009 Скопје, Изложба на слики, Македонска Опера и Балет
2005 Штип, Изложба на графики, Галерија „Безистен“
2004 Струмица, Изложба на графики и цртежи, Работнички универзитет „Јошка Свештарот“
2003 Скопје, Изложба на цртежи, Галерија “Aero”
2001 Белград (Србија), Изложба на графики, Салон на ФЛУ
2000 Битола, Изложба на графики, Уметничка галерија
Лесковац (Србија), Галерија „Сунце“
1999 Скопје, Изложба на графики мал формат, Културно-информативен центар
1998 Куманово, Народен музеј
1988 Врање (Србија), Галерија Народног музеја
Скопје, Уметничка галерија „Скопје“
1986 Скопје, Културно-информативен центар
1976 Скопје, Галерија на Домот на ЈНА

Учествувал на повеќе меѓународни изложби на графики и цртежи во: Сараево, Босна и Херцеговина (1982, 1983); Белград, Србија (1982, 1988, 1989, 1991, 1992, 1993, 1996, 1998, 2001, 2006, 2012, 2013); Скопје (1982, 1983, 1988, 1990, 1991, 1999, 2000, 2001, 2002, 2003, 2004, 2006, 2008, 2009, 2013, 2014); Прилеп (1983); Битола (1987, 1990, 1994, 2003 2008); Цетиње, Црна Гора (1988); Банска Бистрица, Словачка (1988); Врање, Србија (1988, 2000), Канагава, Јапонија (1989, 1990); Москва, Русија (1989); Темпи / Гејнзборо / Ричмонд / Мериленд, САД (1992, 1995); Њукасл, Австралија (1992, 1995); Лесковац, Србија (1993, 1995, 1997); Варна, Бугарија (1995, 1999, 2001, 2003); Истанбул, Турција (1995); Валандово (1996); Анкара, Турција (1996); Ужице, Србија (1997, 2003); Вирновал, Белгија (2000, 2002); Тетово (2001, 2003); Ниш, Србија (2000, 2001, 2002, 2004); Велес (2002); Осијек, Хрватска (2004); Софија, Бугарија (2005); Малме, Шведска (2005); Штип (2006); Кавадарци (2012); Струмица (2012); Струга (2013); Лоќ, Полска (2013). Учествувал на голем број ликовни колонии во земјава и во странство.

Награди:
2002 Меѓународна награда за графика на Првото меѓународно биенале за графика, мал формат, Тетово;
2001 Меѓународна награда за графика на Првото меѓународно биенале за графика, мал формат, Тетово;
1999 Награда за графика на изложбата „Македонско ликовно творештво, мал формат“, Галерија на ДЛУМ, Скопје
1997 Втора награда на Меѓународното графичко триенале во Лесковац, Србија;
1992 Откупна награда за графика од Музејот на современата уметност - Скопје;
1989 Награда на Универзитетот „Св. Климент Охридски“, Скопје;
1988 Меѓународно признание за графика во Банска Бистрица, Словачка;
1987 Годишна награда за графика на ДЛУМ „Моша Пијаде“;
1986 Откупна награда за графика на НУБ „Климент Охридски“, Скопје;
1985 Награда на Универзитетот „Св. Климент Охридски“, Скопје;
1984 Награда за графика на ФЛУ, Скопје.

Mirko Vuisic

He was born in Prilep in 1957. School of Applied Arts, section Graphics completed in 1977. In 1979 he graduated from the Pedagogical Academy in Skopje. In 1984 he graduated from the Faculty of Fine Arts in Skopje, the graphics department, prof. Dragutin Avramovski - Gute. In 1998 he completed postgraduate studies at the department of graphics in Belgrade prof. Nebojsa Radojev. In 1990 he used the scholarship “Mosa Pijade” fpr a study visit in Sitè des Art in Paris. Since 1985 he has worked at the Faculty of Fine Arts.

Contact: mirkovujisic@yahoo.com

Individual exhibitions:

2015 Skopje, Chronology of Daily Records, National Gallery of Macedonia, object Cifte Hammam
2012 Veles, Exhibition of graphics, drawings, watercolors, Art Salon Veles
2011 Podgorica (Montenegro), Exhibition of drawings and prints, Gallery “Most”
Ohrid, Exhibition of graphics, drawings, paintings, ,Gallery “Robevci”
2010 Stip, Exhibition of drawings, Institute for Protection of Monuments of Culture and Museum - Stip
2009 Skopje, Exhibition of paintings, Macedonian Opera and Ballet
2005 Stip, Exhibition of graphics, Gallery “Bezisten”
2004 Strumica, Exhibition of prints and drawings, Workers University “Joschka Svestarot”
2003 Skopje, Exhibition of paintings, Gallery “Aero”
2001 Belgrade (Serbia), Exhibition of graphics, Salon FLU
2000 Bitola, Exhibition of graphic, Art Gallery
Leskovac (Serbia), Gallery “Sunce”
1999 Skopje, Exhibition of Small Format Graphics, Cultural and Information Centre
1998 Kumanovo, National Museum
1988 Vranje (Serbia), Gallery of the National Museum
Skopje, Art Gallery “Skopje”
1986 Skopje, Cultural-Information Center
1976 Skopje, Gallery of the House of JNA

He participated in many international exhibitions of prints and drawings in Sarajevo, Bosnia and Herzegovina (1982, 1983); Belgrade, Serbia (1982, 1988, 1989, 1991, 1992, 1993, 1996, 1998, 2001, 2006, 2012, 2013); Skopje (1982, 1983, 1988, 1990, 1991, 1999, 2000, 2001, 2002, 2003, 2004, 2006, 2008, 2009, 2013, 2014); Prilep (1983); Bitola (1987, 1990, 1994, 2003, 2008); Cetinje, Montenegro (1988); Banska Bystrica, Slovakia (1988); Vranje, Serbia (1988, 2000) , Kanagawa, Japan (1989, 1990); Moscow, Russia (1989); Tempe / Gejnzboro / Richmond / Maryland, USA (1992, 1995); Newcastle, Australia (1992, 1995); Leskovac, Serbia (1993, 1995, 1997); Varna, Bulgaria (1995, 1999, 2001, 2003); Istanbul , Turkey (1995); Valandovo (1996); Ankara, Turkey (1996); Uzice, Serbia (1997, 2003); Virnoval, Belgium (2000, 2002); Tetovo (2001, 2003); Nis, Serbia (2000, 2001, 2002, 2004); Velez (2002); Osijek, Croatia (2004); Sofia, Bulgaria (2005); Malmo, Sweden (2005); Stip (2006); Kavadarci (2012); Strumica (2012); Struga (2013); Lodz, Poland (2013). He has participated in many art colonies in the country and abroad.

Awards:

2002 International Award for Graphics of the First International Biennial of graphics, small format, Veles;
2001 International Award for Graphics of the First International Biennial of graphics, small format, Tetovo;
1999 Award for Graphics of the exhibition “Macedonian art, small format”, Gallery DLUM - Skopje;
1997 Second Award of the International Print Triennial in Leskovac, Serbia;
1992 Purchase Award for Graphics of the Museum of Contemporary Art - Skopje;
1989 Award of the University “Ss. Kliment Ohridski” in Skopje;
1988 International Award for graphics in Banska Bystrica, Slovakia;
1987 Annual Award for graphics, DLUM “Mosa Pijade”;
1986 Purchase Award for Graphics of the National Library “St. Kliment Ohridski” in Skopje;
1985 Award of the University “Ss. Kliment Ohridski” in Skopje;
1984 Award for Graphics of the Faculty of Fine Arts, Skopje.

НУ Национална галерија на Македонија
Железничка 18, 1000 Скопје, Република Македонија
Тел.: + 389 (0)2 31 26 859, Факс: + 389 (0)2 31 09 566
www.nationalgallery.mk; contact@nationalgallery.mk

NI National Gallery of Macedonia
Str. Zheleznicka 18, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
Tel.: + 389 (0)2 31 26 859, Fax: + 389 (0)2 31 09 566
www.nationalgallery.mk; contact@nationalgallery.mk

Мирко Вујисиќ, Хронологија на дневни записи
Чифте амам, октомври 2015

Mirko Vujisic, Chronology of Daily Records
Chifte Hamam, October 2015

Издавач: НУ Национална галерија на Македонија
За издавачот: Маја Неделковска-Брзанова, в.д. директор
Кустос: Маја Чанкуловска-Михајловска
Текст: Маја Чанкуловска-Михајловска
Превод на англиски: Наташа Димитровска
Дизајн: Михаела Јовановска
Фотографии: Игор Василев
Лектура: Кирил Ангелов
Печат: Винсент Графика, Скопје
Тираж: 500

Publisher: NI National Gallery of Macedonia
For the Publisher: Maja Nedelkovska-Brzanova, director
Curator: Maja Chankulovska-Mihajlovska
Text: Maja Chankulovska-Mihajlovska
English translation: Natasha Dimitrovska
Design: Mihaela Jovanovska
Photography: Igor Vasilev
Proofreading: Kiril Angelov
Printed by: Vinsent Grafika, Skopje
500 copies

Поддржано од Министерството за култура на Република Македонија
Supported by the Ministry of Culture of the Republic of Macedonia

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

7.036.7(497.7)(06.064)Вујисиќ,М.

ВУЈИСИЌ, Мирко
Хронологија на дневни записи / Мирко Вујисиќ ; [текст Маја Чанкуловска-Михајловска ; превод на англиски Наташа Димитровска ; фотографии Игор Василев] = Chronology of Daily Records / Мирко Вујисик ; [text Maja Chankulovska-Mihajlovska ; English translation Natasha Dimitrovska ; photography Igor Vasilev]. - Скопје : НУ Национална галерија на Македонија = Skopje : =NI =National gallery of Macedonia ; =Shkup : =NI =Galeria Kombetare e Maqedonise, 2015. - 32 стр. : илустр. ; 25 см

Текст на мак. и англ. јазик

ISBN 978-608-4693-70-3
I. Vujisik, Mirko види Вујисиќ, Мирко
а) Ликовна уметност - Фигуративен експресионизам - Македонија - Изложби
COBISS.MK-ID 99623178

2014